Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2025 година**

Се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2025 година, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 21.05.2025 година.

08-711/2 Општина Василево
22.05.2025 г. Градоначалник
Славе Андонов

---

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 21.05.2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВО ОПШТИНА ВАСИЛЕВО ЗА 2025 ГОДИНА**

**Член 1**

Во програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2025 година по точката 1.27 се додава нова точка 1.28 која гласи:
“1.28 Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, со намена Г4 – стоваришта, складови и отпади, на КП 1526 КО Градошорци - вонград, Општина Василево.”

**Член 2**

Во програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2025 во точката 2. Финансирање се менува и гласи:
“Средствата за активностите предвидени во точка 1.1; 1.2; 1.12; 1.13; 1.14; 1.15 ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево. Средствата за активностите предвидени во точка 1.3; 1.4; 1.5; 1.6; 1.7; 1.8; 1.9; 1.10; 1.11; 1.16; 1.17; 1.18; 1.19; 1.20; 1.21; 1.22; 1.23 ; 1.24; 1.25; 1.26; 1.27 и 1.28 немаат финансиски импликации на Буџетот на општина Василево за 2024 година и истите ќе се обезбедат од физички и правни лица кои се подносители на барањето.”

**Член 3**

Оваа Програма влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Василево“.

08-711/1
22.05.2025 г.

Совет на Општина Василево
претседател
Ристо Делијанов